Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 ноември 2021 година**

**Скопје, ноември 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 ноември 2021 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Јетон Акику, директор на Агенцијата за електронски комуникации.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 115-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 октомври 2021 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година

1. Извештај од Работната група за изнаоѓање начин за регулирање на јазичното покривање со официјален јазик на спортските канали кои се реемитуваат на територијата на Република Северна Македонија

2. Информација во врска со Физибилити студијата за АД ТЕЦ Неготино - Неготино за оправданост за доделување на Договор за јавно приватно партнерство или евентуална продажба

3. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (арх.бр.03-395/1 КП бр.15717 КО Куманово)

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.511, КО Ростуше)

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности арх.бр.03-437/1 КП бр.1300/1 КО Гостивар

7. Информација за напредок во имплементацијата на Вториот проект за подобрување на општинските услуги заклучно со септември 2021 година

8. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Говедарник“ с. Крстец, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

9. Информација во врска со барањето на концесионерот „МХЕЦ Ехлоец“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, „МХЕЦ Ехлоец“ со реф.бр. 51, со текст на Анекс-договор

10. Информација за активностите за воведување и сертификација со систем за управување со енергија ISO 50001:2018 во Владата на Република Северна Македонија

11. Информација за склучување на Анекс број 1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот - Мост Карпош во Град Скопје, со нов текст на Предлог-анекс кон Договор

12. Предлог на закон за ратификација на Меморандумот за разбирање за олеснување на патниот транспорт на стоки во регионот на Организацијата за црноморска економска соработка

13. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија

14. Предлог на закон за ратификација на Договорот за воено-финансиска соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција и Протоколот за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција

15. Предлог-уредба за координација на работата, односите и организацијата на дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО со седиште во Брисел

16. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2021/672 на Советот од 23 април 2021 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

17. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/667 на Советот од 23 април 2021 година за спроведување на член 21 (2) од Регулативата (ЕУ) 2016/44 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

18. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/908 на Советот од 4 јуни 2021 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија

19. Предлог-решение за назначување копретседавач, членови и заменици-членови на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за заштита на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора и заштита на српското и црногорското национално малцинство во Република Македонија

20. Информација за преземање на професионални војници со наврешени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи

21. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Златно руно 21“ („Golden Fleece 21“) во Република Грција, со Предлог-одлука

22. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Мишковски против Северна Македонија А.бр.70176/17 и 3 други апликации

23. Национална стратегија за вработување 2021-2027 година, со Акциски план за вработување 2021-2023 година

24. Предлог-резолуција на миграциската политика на Република Северна Македонија 2021-2025 година, со Акциски план

25. Информација за учеството на државната делегација на 44-та сесија на Комитетот за светско наследство/УНЕСКО и Одлуката за природното и културното наследство на Охридскиот Регион

26. Понуди од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83095 за КО Куманово, на КП бр.19554 дел 10, Викано место/улица Моша Пијаде

27. Понуда од нотар Јорданка Димчева од Свети Николе за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3597 за КО Свети Николе-вон град, на КП бр.1155, викано место/улица Длги Рид

28. Понуда од нотар Методија Ристоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1344 за КО Злокуќани, на КП бр.671, викано место/улица Гумења

29. Понуда од нотар Анастасија Петреска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.46236, за КО Карпош, на КП бр.542/1

30. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52371 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец на КП бр.41 викано место/улица Мери

31. Известувања од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за прва и Заклучок за втора усна јавна продажба која ќе се одржи на 11 ноември 2021 година, доставен под И.бр.1536/21, за недвижен имот запишан на ИЛ бр.144, КП бр.46/2 и КП бр.47/2 за КО Суводол

32. Кадровски прашања

33. Прашања и предлози

34. Информација за текот на активностите при реализација на процесот за акредитација на Централната лабораторија за животна средина и Калибрационата лабораторија за квалитет на воздух

35. Тримесечен финансиски извештај на Јавно претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, за периодот јули-септември 2021 година

36. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје, за трет квартал 2021 година

37. Извештај за работа на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, за периодот од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, со Акциски план

38. Извештај за материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие „Студенчица“ Кичево, за трет квартал на 2021 година

39. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година

40. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Статистички методи за бизнис и економија“ на Економскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

41. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Казнено право и кривична правда“ на Правен факултет-Кичево при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение

42. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Стоматолошки науки“ на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

43. Информација за вклучување на Република Северна Македонија во ЕУ програмите „Еразмус+“ и „Европски корпус на солидарност“ во новиот програмски циклус, за периодот (2021-2027) со склучување Спогодба помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Северна Македонија во програмата „Еразмус+“ и Спогодба помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Северна Македонија во програмата „Европскиот корпус на солидарност“, со нови текстови на спогодби

44. Извештај за завршени преговори и за склучување на Меѓународен договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во програмата на Унијата Хоризонт Европа-Рамковна програма за истражување и иновации, со усогласен текст на Меѓународен договор

45. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

46. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Растителна биотехнологија“ на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

47. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Квалитет и безбедност на земјоделски производи“, на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

48. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Заштита на растенија-

фитомедицина“ на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

49. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Анимална биотехнологија“, на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

50. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности“ на Факултет за драмски уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

51. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“ на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

52. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Метрологија“ на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

53. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економија“ на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

54. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии на англиски јазик по „Политички науки“ на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

55. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Водство и управување во образованието“ на Факултетот за јазици, култура и комуникација, при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

56. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Агроекономика“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

57. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии по „Музички науки“ на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

58. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Музичка интерпретација и композиција“ на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

59. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фолклористика“ на Институт за

фолклор „Марко Цепенков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

60. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

61. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Ветеринарна медицина“ на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

62. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Политички науки“ на Факултетот за современи општествени науки, при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

63. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Кривично право“ на Правниот факултет, при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение

64. Информација за постапување по претходно утврдена состојба по извршен преглед и контрола на предмети избрани на Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес од областа на фолклорот, музичко-сценската дејност, културно-уметничките манифестации и интердисциплинарните проекти за 2020 година

*

*        *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 115-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 октомври 2021 година.

*

*        *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Информација за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година**

Владата ја разгледа Информацијата за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во соработка со ресорните министерства да ја ажурира Агенда Европа дома согласно краткорочните приоритети од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година најдоцна до 22 ноември 2021 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави деталната гап анализа на Извештајот до ресорните институции, најдоцна до 5 ноември 2021 година како основа за ажурирање на Матрицата на активности и Законодавниот анекс на Националната програма за усвојувањето на правото на ЕУ 2021-2025.

3. Се задолжуваат сите министерства да го прегледаат Извештајот од аспект на конзистентноста на фактичките информации содржани во истиот и доколку има неточни фактички податоци да го информираат Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 9 ноември 2021 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Извештајот од Работната група за изнаоѓање начин за регулирање на јазичното покривање со официјален јазик на спортските канали кои се реемитуваат на територијата на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Сите радиодифузери на специјализирани програмски сервиси коишто реемитуваат секаков вид на спортски содржини на територијата на Република Северна Македонија, да ги локализираат, односно адаптираат своите медиумски сервиси на македонски и албански јазик.

2. Начинот на кој радиодифузерите на специјализирани програмски сервиси коишто реемитуваат секаков вид на спортски содржини на територијата на Република Северна Македонија ќе ги локализираат, односно адаптираат своите медиумски сервиси на македонски и албански јазик, останува на нив, при тоа почитувајќи ги законите во Република Северна Македонија.

3. Оваа обврска треба да се спроведе во најкраток можен рок, одреден врз основа на објективните потреби на радиодифузерите за нејзина имплементација и реализација, но не подолго од 31.12.2021 година. Со цел да има конкретен и целосен увид во имплементирањето на оваа одлука, како и заради континуитет во спроведувањето на целата постапка се формира комисија составена од членови од работната група, како и експерти од надлежните регулаторни тела Агенција за електронски комуникации и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои ќе го следат спроведувањето на одлуката и за таа активност ќе ја информираат Владата во вид на месечен извештај, на крајот од секој месец.

4. Заради поцелисходно реализирање на оваа одлука да се проследи официјален допис до компаниите сопственици на радиодифузерите за кои се однесува јазичната локализација, поименично Спортклуб, Арена спорт и Еуроспорт, во кој ќе им бидат објаснети причините за ваквата одлука на Владата, вклучително потребата од заштита на јазичниот идентитет на граѓаните на Република Северна Македонија, огромниот интерес и притисок од јавноста кај нас, како и праксата од другите балкански и европски држави.
Истовремено, да се охрабрат и операторите на јавните електронски комуникациски мрежи за сличен настап кон радиодифузерите за да се забрза процесот на имплементација на ваквата одлука.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Физибилити студијата за АД ТЕЦ Неготино - Неготино за оправданоста за доделување на Договор за јавно приватно партнерство или евентуална продажба и притоа заклучи:

- Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, советниците од областа на енергетиката од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и АД ТЕЦ Неготино - Неготино, да ја разгледаат понудата на компанијата Џенерал електрик за изградба на нова гасна централа, како и опциите за пренамена од мазутна во гасна електрана и до 15 декември 2021 година до Владата да доставаат информација за понатамошните можности за развој на АД ТЕЦ Неготино - Неготино.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост (компјутери), со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Инспекцискиот совет, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за економија-Државен пазарен инспекторат, во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика-Државен инспекторат за труд, во предложениот текст и

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација-Државен управен инспекторат, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (арх.бр.03-395/1 КП бр.15717 КО Куманово), во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на наедвижности (КП бр.511, КО Ростуше), поради потребата Општина Маврово и Ростуше да приложи соодветен доказ предвиден согласно материјалните одредби од член 65 став (5) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), односно известување дека за недвижната ствар која е предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 6**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности арх.бр.03-437/1 КП бр.1300/1 КО Гостивар, поради потребата Општина Гостивар да приложи соодветен доказ предвиден согласно материјалните одредби од член 65 став (5) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), односно известување дека за недвижната ствар која е предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за напредок во имплементацијата на Вториот проект за подобрување на општинските услуги заклучно со септември 2021 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии најдоцна до 15 октомври 2022 година да достави информација до Владата за напредокот во реализацијата на Вториот проект за подобрување на општинските услуги, со статус 30 септември 2022 година.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Говедарник“ с. Крстец, Општина Прилеп, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, имајќи ги предвид негативните мислења на Општина Прилеп и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот „МХЕЦ Ехлоец“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, „МХЕЦ Ехлоец“ со реф.бр. 51, со текст на Анекс-договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Ехлоец со реф. бр.51, број 11-4181/ 1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 25.4.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „МХЕЦ Ехлоец“ ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода

за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Ехлоец со реф. бр.51, број 11-4181/ 1 од 4.5.2015 година, најмалку до 24.6.2022 година.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за активностите за воведување и сертификација со систем за управување со енергија ISO 50001:2018 во Владата на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Записникот од страна на Владата на Република Северна Македонија, за воведување и сертификација со систем за управување со енергија ISO 50001:2018 во просториите на Владата на Република Северна Македонија.

2. Ги назначи следните лица да работа на воведување на системот за управување со енергија во Владата на Република Северна Македонија:

- Сандра Андовска - советник за одржлив развој, Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции;

- Миа Деспотовска - од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја извести Владата за процесот на воведување и сертификација со систем за управување со енергија ISO 50001:2018, најдоцна до 30 ноември 2021 година.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс број 1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот - Мост Карпош во Град Скопје, со нов текст на Предлог-анекс кон Договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои текстот на Анекс број 1 кон Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Мост Карпош“ во Град Скопје.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Анексот број 1 кон Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Мост Карпош“, во име на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се препорачува на Град Скопје да го потпише Анексот број 1 кон Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Мост Карпош“ во Град Скопје.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Меморандумот за разбирање за олеснување на патниот транспорт на стоки во регионот на Организацијата за црноморска економска соработка, го утврди и заклучи согласно

член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски, Владимир Шутев, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски и Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јакуп Реџепи, директор во Министерството за надворешни работи, Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Славица Кутиров, директор на Царинската управа.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот за воено-финансиска соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција и Протоколот за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана, Методија Белески, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за координација на работата, односите и организацијата на дипломатското претставништво на Република Северна Македонија во НАТО со седиште во Брисел, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2021/672 на Советот од 23 април 2021 година за спроведување

на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/667 на Советот од 23 април 2021 година за спроведување на член 21 (2) од Регулативата (ЕУ) 2016/44 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/908 на Советот од 4 јуни 2021 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Решението за назначување копретседавач, членови и заменици-членови на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за заштита на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора и заштита на српското и црногорското национално малцинство во Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на државните институции кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа во рок од 15 дена да достават информација до Министерството за одбрана дали имаат слободни работни места за преземање и прераспоредување на професионални војници со навршени 45 години возраст.

2. Се задолжува Министерството за одбрана по добивањето на информациите од органите на државната и локалната власт и другите државни органи, во рок од десет дена да достави согласност за откажување на финансиски средства за тековната 2022 година за 114 лица до Министерството за финансии, по месеци на нивно преземање во наведените државни органи.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Златно руно 21“ („Golden Fleece 21“) во Република Грција, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Golden Fleece 21“ во Република Грција, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Мишковски против Северна Македонија А.бр.70176/17 и 3 други апликации, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст (во вкупен износ од 4.050 евра во денарска противвредност кои треба да бидат

исплатени по одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Мишковски против Северна Македонија А.бр.70176/17 и 3 други апликации најдоцна до 1 декември 2021 година).

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Националната стратегија за вработување 2021-2027 година, со Акциски план за вработување 2021-2023 година и ја усвои Националната стратегија за вработување 2021-2027 година, со Акциски план за вработување 2021-2023 година.

**Точка 24**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-резолуцијата на миграциската политика на Република Северна Македонија 2021-2025 година, со Акциски план, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереник м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на државната делегација на 44-та сесија на Комитетот за светско наследство/УНЕСКО и Одлуката за природното и културното наследство на Охридскиот Регион, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, до следната седница, да достави до Владата предлог за формирање на стручен тим за изработка на Стратегиски план за рехабилитација на Охридскиот Регион, кој произлегува од Одлуката на Комитетот за светско наследство.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи, да го координира усогласувањето на процесите за изработка на Стратегискиот план за рехабилитација, заедничките извештаи со Република Албанија, со цел истите да бидат доставени до Центарот за светско наследство, најдоцна до 1 февруари 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за култура, до крајот на јануари 2022 година, до Центарот за светско наследство да предложи нацрт контактна/бафер зона на границите на Охридскиот Регион, согласно одлуките на Комитетот за светско наследство од 2017 година и 2019 година, Реактивните мониторинг мисии од 2017 година и 2020 година и Планот за управување со Охридскиот Регион.

4. Се препорачува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да ги пренамени средствата од 45.000.000 денари од добивката на Акционерското друштво првично наменети за рехабилитација на Кеј Македонија - Охрид (предлог одлука за донација Бр. 02-3261/4 од 28.12.2020 година), како средства за продолжена санација и рехабилитација на колекторскиот систем на Охридското Езеро и средствата да ги префрли на сметка на Јавното претпријатие Колекторски систем.

5. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура, до 1 февруари 2022 година, да предложат структура за управување со Охридскиот Регион/Охридското Езеро - Споменик на природата која ќе го интегрира управувањето од аспект на заштита на културното и на природното наследство и истата да ја доставaт до Владата.

6. Се задолжува Министерството за култура од Центарот за светско наследство да побара Советодавна мисија за утврдување на состојбата со хотелскиот комплекс Палас-Охрид и изготвување на предлог за понатамошно постапување, најдоцна до 1 декември 2021 година.

7. Се укажува на Јавната установа Национален парк „Галичица“-Охрид да изработи посебен план за управување со комплексот Свети Наум и истиот да го достави до Владата до 1 мај 2022 година.

**Точка 26**

Владата ги разгледа понудите од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.83095 за КО Куманово, на КП бр.19554 дел 10, Викано место/улица Моша Пијаде и по истите го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јорданка Димчева од Свети Николе за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3597 за КО Свети Николе-вон град, на КП бр.1155, викано место/улица Длги Рид и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Методија Ристоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1344 за КО Злокуќани, на КП бр.671, викано место/улица Гумења и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анастасија Петреска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.46236, за КО Карпош, на КП бр.542/1 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52371 за КО Ѓорче Петров 5 - Лепенец на КП бр.41 викано место/улица Мери и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 31

Владата ги разгледа известувањата од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за прва и Заклучок за втора усна јавна продажба која ќе се одржи на 11 ноември 2021 година, доставен под И.бр.1536/21, за недвижен имот запишан на ИЛ бр.144, КП бр.46/2 и КП бр.47/2 за КО Суводол и по истите ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

## Точка 32

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 33

**1.**Владата го одложи од разгледување Барањето за преземање итни и неодложни мерки за стабилизирање на снабдувањето со електрична енергија на Република Северна Македонија, доставено од АД МЕПСО, преку Министерството за транспорт и врски, под бр.02-6964/2 од 29.10.2021 година, за наредната седница на Владата.

**2.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 23 октомври 2021 година до 29 октомври 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.**Владата по Барањето за изменување на Заклучок број 2 од Точка 2 од Нацрт-записникот од 116-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 октомври 2021 година, донесен по Барањето за добивање на согласност за најниска висина на еднократен надоместок (5G), заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2. Се препорачува на Агенцијата за електронски комуникации до Владата да достави нова одлука за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофрекфенции од радиофрекфенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz а имајќи ги предвид следните околности:

- Македонија како земја членка на НАТО во октомври 2020 година потпиша Меморандум за разбирање со САД за безбедност на 5G технологиите. За спроведување на овој меморандум во април 2021 година Собранието ги усвои измените и дополнувањата на Законот за електронски комуникации со кои се пропишува дека треба периодично да се врши проценка на профилите на ризик на сите релевантни провајдери и производители на критична мрежна опрема на национално ниво. Со ова им се наметнува на мрежните оператори обврска да ги ограничат или исклучат таквите провајдери и производители од набавката на опрема за критичните компоненти и чувствителните делови на елементите на мрежата, која обврска им предизвика дополнителни инвестиции во новата 5G технологија којашто треба да се имплементира.

Треба да се земе предвид и начинот на плаќање на еднократниот надоместок, односно без можност за плаќање на надоместокот на рати.
Исто така, Владата и препорачува на Агенцијата за електронски комуникации покрај стимулирањето на операторите со намалување на цените, имплементацијата на овие технологии да ги заврши заклучно до 2025 година.

Владата и препорачува на Агенцијата за одобрение од опсезите 700 MHz и 3.x GHz да предвиди цената да изнесува најмалку:

| **700 MHz** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одобрение | Фреквенциски опсег | **Еднократен надоместок** | Подрачје | Радиокомуникациска служба |
| А1 | 703-713/758-768 MHz | **2.75 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| А2 | 713-723/768-778 MHz | **5.5 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| А3 | 723-733/778-788 MHz | **5.5 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| **3.x GHz** | | | | |
| Одобрение | Фреквенциски опсег | **Еднократен надоместок** | Подрачје | |
| В1 | 3.5-3.6 GHz | **1.25 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| В2 | 3.6-3.7 GHz | **2.5 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| В3 | 3.7-3.8 GHz | **2.5 милиони евра** | РС Македонија | Копнена мобилна |
| В41 | 3.4315-3.460 GHz | **11.67 илјади евра** | Регион 1 | Фиксна |
| В44 | 3.4315-3.460 GHz | **5.83 илјади евра** | Регион 4 | Фиксна |
| В45 | 3.4315-3.460 GHz | **5.83 илјади евра** | Регион 5 | Фиксна |
| В46 | 3.4315-3.460 GHz | **6.92 илјади евра** | Регион 6 | Фиксна |

3) Се препорачува на Агенцијата за електронски комуникации до Владата да достави нова одлука за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 1965-1980/2155-2170 MHz, 1930-1935/2120-2121 MHz и 1945-1950/2135-2140 MHz, а имајќи ги предвид следните околности:

- да се земе предвид дека станува збор за две посебни барања, односно посебни постапки кои се отпочнати веќе подолг период, со цел да се спроведат успешно двете постаки со цел побрз влез на нови технологии со кои би се издигнало и развило целото општество, му препорачува на директорот на Агенцијата за електронски комуникации да поднесе ново барање во кое ќе биде наведена можност со која операторите би

можеле да добијат одобренија по двете постапки поединечно по следните утврдени цени:

- за одобрение 2x15 MHz од опсезите 1965-1980/2155-2170 MHz, 1930-1935/2120-2121 MHz и 1945-1950/2135-2140 MHz се препорачува цената да изнесува најмалку 3.000.000 евра;

- за одобрение 2x10 MHz од опсезите 1965-1980/2155-2170 MHz, 1930-1935/2120-2121 MHz и 1945-1950/2135-2140 MHz се препорачува цената да изнесува најмалку 2.000.000 евра.“.

**4.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 21 октомври 2021 година до 27 октомври 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите при реализација на процесот за акредитација на Централната лабораторија за животна средина и Калибрационата лабораторија за квалитет на воздух, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавно претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, за периодот јули-септември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, за трет квартал 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 37**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, за период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата го разгледа Извештајот за материјално - финансиско работење на Јавното претпријатие „Студенчица“ Кичево, за трет квартал на 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во период од 1 јули 2021 година до 30 септември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Статистички методи за бизнис и економија“ на Економскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Статистички методи за бизнис и економија“ на Економскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, со заклучок материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Казнено право и кривична правда“ на Правен факултет-Кичево при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Казнено право и кривична правда“ на Правен факултет-Кичево при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, со заклучок материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Стоматолошки науки“ на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Стоматолошки науки“ на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за вклучување на Република Северна Македонија во ЕУ програмите „Еразмус+“ и „Европски корпус на солидарност“ во новиот програмски циклус, за периодот (2021-2027) со склучување Спогодба помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Северна Македонија во програмата „Еразмус+“ и Спогодба помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Северна Македонија во програмата „Европскиот корпус на солидарност“, со нови текстови на спогодби и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ги прифати усогласените текстови на Спогодбата помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Северна Македонија во програмата „Еразмус+“ и Спогодбата помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Северна Македонија во програмата „Европски корпус на солидарност“.

2. Се овластува амбасадорот на Мисијата на Република Северна Македонија во Брисел, Агнеза Руси-Поповска, да ги потпише Спогодбата помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Северна Македонија во програмата „Еразмус+“ и

Спогодбата помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Северна Македонија во програмата „Европски корпус на солидарност“ за новиот програмски циклус (2021-2027).

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го информира Министерството за образование и наука за висината на ИПА-учеството за влезните билети за програмите „Еразмус+“ и „Европски корпус на солидарност“ во рок од три дена по добивање на соодветните информации за начинот на финансирање од страна на Директоратот за соседство и преговори за проширување на Европската комисија.

**Точка 44**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори и за склучување на Меѓународен договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во програмата на Унијата Хоризонт Европа-Рамковна програма за истражување и иновации, со усогласен текст на Меѓународен договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меѓународен договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во програмата на Унијата Хоризонт Европа-Рамковна програма за истражување и иновации.

2. Се определува д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меѓународниот договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за учество на Република Северна Македонија во програмата на Унијата Хоризонт Европа-Рамковна програма за истражување и иновации.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Растителна биотехнологија“ на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Растителна биотехнологија“ на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со заклучок материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Квалитет и безбедност на земјоделски производи“, на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Квалитет и безбедност на земјоделски производи “, на

Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Заштита на растенија-фитомедицина“ на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Заштита на растенија-фитомедицина“ на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со заклучок материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Анимална биотехнологија“, на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Анимална биотехнологија“, на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности“ на Факултет за драмски уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности“ на Факултет за драмски уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со заклучок материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“ на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“ на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Метрологија“ на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Метрологија“ на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економија“ на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економија“ на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии на англиски јазик по „Политички науки“ на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии на англиски јазик по „Политички науки“ на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Водство и управување во образованието“ на Факултетот за јазици, култура и комуникација, при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Водство и управување во образованието“ на Факултетот за јазици, култура и комуникација, при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Агроекономика“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Агроекономика“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со заклучок текстот на материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 57**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии по „Музички науки“ на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следниов заклучок:

- Го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Музички науки“ на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Решението со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Музичка интерпретација и композиција“ на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Музичка интерпретација и композиција“ на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со заклучок материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фолклористика“ на Институт за фолклор „Марко Цепенков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фолклористика“ на Институт за фоклор „Марко Цепенков“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со заклучок материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со заклучок текстот на материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Ветеринарна медицина“ на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Ветеринарна медицина“ на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Информацијата и Предлог-заклучоците со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Политички науки“ на Факултетот за современи општествени науки, при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Политички науки“ на Факултетот за современи општествени науки, при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Кривично право“ на Правниот факултет, при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Кривично право“ на Правниот факултет, при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по претходно утврдена состојба по извршен преглед и контрола на предмети избрани на Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес од областа на фолклорот, музичко-сценската дејност, културно-уметничките манифестации и интердисциплинарните проекти за 2020 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура да изврши исплата на корисниците за кои инспекцискиот надзор при Министерството за култура ќе констатира дека проектите се реализирани во предвидениот рок и средствата се наменски потрошени.

2. Се задолжува Министерството за култура да изврши исплата само на средствата добиени врз основа на договорите на прифатените проекти на Годишниот конкурс за финансирање кои се склучени во редовна постапка, за кои има уредна документација и потврда за реализиран проект во предвидениот рок, а дополнителните средства од анексот на договорите склучени на 24.7.2020 година, во оваа фаза нема да бидат исплатени.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**